**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-245/7**
**Скопје, 16.07.2007 година**

**ДО**
**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Бошко Китановски - Директор до 10.10.2006 година,
   - Хамди Мустафа – заменик директор од 10.10. до 08.11.2006 година и
   - Муидин Рустеми – Директор од 08.11.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 05.03. до 05.04.2007 и од 10.04. до 17.04.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразено мислење.

10. На ден 18.06.2007 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 1204-245/6 од 18.06.2007 година. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани бидејќи претставуваа образложенија на констатираната состојба, освен точката 10.1.6. во која е прецизиран периодот на склучените договори.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Со Фондот од септември 2006 година управува Управен одбор, составен од осум члена, именувани со Решение донесено од страна на Владата на Република Македонија, а не од девет члена согласно член 162 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 7 од Статутот на Фондот. Непочитувањето на одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија придонесува со Фондот да управува Управен одбор составен спротивно на позитивната законска регулатива како и донесување на незаконски одлуки.

Од страна на Фондот превземена е иницијатива и доставено е Известување број 02-5442/1 од 04.10.2006 година до Влада на Република Македонија, со кое се бара именување на уште еден член на Управниот одбор, заради полноправна работа и одлучување на Управниот одбор на Фондот.

11.1.2. Фондот врз основа на Спогодба за соработка и за начинот на задршката од пензиите на корисниците на пензија-членови на здруженијата на пензионерите здружени во СЗПМ за солидарните фондови и членарина на здруженијата, врши задршка од пензија за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците, спротивно на Одлуката на Уставен суд за Укинување на Одлука за условите и начинот за сервисирање на солидарниот фонд на корисниците на пензија донесена од страна на Управниот одбор на Фондот на 13.07.2001 година. Поради вршењето задршки од пензиите без законски основ, во текот на 2006 година префрлени се средства на пензионерските здруженија во износ од 430.965 илјади денари.

На деведесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија одржана на 19.12.2006 година, донесени се следните заклучоци:

- да се подготват измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кои измени ќе се регулира наменското и законското користење на средствата за посмртна помош,
- исплатата на средствата да се врши преку Подрачните единици на Фондот,
- Министерството за труд и социјална политика до крајот на јануари 2007 година да ја информира Владата за постапувањето по овие заклучоци.

До крајот на 2006 година, од страна на Министерството за труд и социјална политика и Фондот подготвена е работна верзија на Предлог за донесување на Закон за дополнување на Законот на пензиското и инвалидското осигурување, кој ќе биде проследен до надлежните институции заради отпочнување на постапка за донесување на истиот.

11.1.3. Ревизијата утврди дека во Подрачните единици Гостивар, Демир Хисар, Кавадарци, Неготино, Ресен, Свети Николе, Струмица, Тетово и Скопје вработени се дваесет и еден извршител на работни задачи повеќе од предвидениот број со Одлуката за организација и систематизација на работните места во стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидскоко осигурување, иако на ниво на Фондот не постои целосна пополнетост на работните места, спротивно на одредбите на наведената Одлука. Со овие вработувања исплаќани се средства спротивно на законската регулатива.

На 06.03.2007 година добиена е согласност од страна на Владата на Република Македонија за изменување и дополнување на постојната организација и систематизација на работните места во Фондот.

11.1.4. Врз основа на одобрение од Министерството за труд и социјална политика број 08-3620/02 од 21.08.2002 година и одобрение 08-9388/2 од 24.08.2006 година, извршена е исплата на плати по основ на поголемо месечно право за исплата на плати од законски утврденото, спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија. Поради воспоставениот начин на пресметка на платите незаконски исплатени се средства во вкупен износ од 12.510 илјади денари.

**Препорака:**

Исплата на платите да се врши во согласност со позитивната законска регулатива.

Министерството за труд и социјална политика, корекцијата на правото на просечна плата по вработен, да ја врши со превземање мерки и активности во рамки на законската регулатива.

11.1.5. Фондот нема сознание за висината на побарувањата по основ на дивиденда за акциите и уделите добиени согласно Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, спротивно на одредбите за Користење на податоците од Законот за централен регистар, согласно кој податоците можат да ги користат сите физички и правни лица. Податоците не се прибавени од причини што за истите Фондот треба да издвои дополнителни финансиски средства, поради што Фондот нема евидентирано побарувања од друштвата по овој основ.

Во текот на јануари 2007 година постигната е согласност за непосредна соработка помеѓу Фондот и Централниот регистар во правец на добивање точни и навремени информации, а во тек е и подготовка на работен текст на Договор за размена на податоци.

11.1.6. Фондот до месец август 2006 година има склучено 30 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи, склучени во минати години. До крајот на 2006 година 20 договори за дело се трансферирани во договори за работа, со сите права од работен однос (во декември 2006 година договорите за дело се сведени на 10 договори). Со писмо до Министерството за финансии, побарана е согласност за 15 нови вработувања, за кои во текот на 2006 година не е добиена согласност. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 2.577 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:**

Фондот потребата од нови вработувања да ја врши во соработка со Министерството за финансии согласно позитивната законска регулатива, а ангажирањето на лица по договор за дело да се врши согласно одредбите од Закон за агенциите за привремени вработувања.

### *11.2. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

### *11.2.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Склучен е Договор за купопродажба на моторно возило – комбе со „Порше Македонија„ Дооел Скопје на ден 27.12.2006 година, без завршена постапка за јавна набавка односно пред истекот на законскиот рок предвиден за поднесување на жалби спротивно на член 85 став 3 од Законот за јавни набавки, согласно кој .....*„во рок од седум дена од денот на истекот на рокот за поднесување на жалба, односно од денот на конечноста на одлуката по жалбата, се потпишува договор„.....*

  Исто така, извршена е авансна исплата на целиот износ согласно договорот, спротивно на член 88 точка 3 од Законот за јавните набавки. Поради непочитувањето на наведените законски обврски, незаконски се исплатени средства во износ од 1.953 илјади денари.

  Согласно член 3 од Договорот, во случај на неизбор на набавувачот со кој е склучен Договорот, исплатените средства треба да бидат вратени на Фондот од страна на добавувачот во рок од три дена.

  До завршувањето на ревизијата, возилото сеуште не е испорачано бидејќи согласно договорот истото ќе биде испорачано по конечност на постапката за јавна набавка.

  Со ваквиот начин на постапка, Фондот непочитувајќи ја законската регулатива, се доведува во ситуација - можност од нереализирање на извесни одредби од договорот од страна на добавувачот (неиспорака на возилото, неисплата на авансираниот износ во предвидениот рок), што би довело до судска постапка и дополнително ангажирање на финансиски средства и човечки ресурси.
- Изградбата на новиот административно-деловен објект за потребите на стручната служба на Фондот започната во 2002 година, со Договор за изведување на градежни и занаетчиски работи од 11.06.2002 година, склучен со непосредна спогодба со Зам Инжинеринг Скопје, продолжува и во текот на 2006 година.

  До крајот на 2006 година Фондот исплатил на име деловен објект средства во износ од 355.643 илјади денари, од кои во текот на 2006 година исплатени се средства во износ 163.895 илјади денари. Согласно член 5 од Анекс бр.5 од 27.12.2006 година кон Договорот за изведување на градежни и

занаетчиски работи од 2002 година, Изведувачот се обврзува целосно да го изгради објектот до принцип клуч на рака, заклучно со 30.06.2007 година.

Ревизијата е на мислење дека со продолжување на градбата на деловниот објект задоволен е јавниот интерес, односно: ќе се намалат проблемите во работењето на Фондот, ќе се намалат трошоците на Фондот, корисниците на пензија како и обврзниците по основ на пензиско и инвалидско осигурување ќе добијат поквалитетни услуги, но од аспект на законската регулатива:

- продолжена е реализација на договор кој во 2002 година е склучен со непосредна спогодба, со што Фондот не обезбедил слобода на пазарот за останатите понудувачи, согласно одредбите од Уставот на Република Македонија, спротивно на член 6 од Законот за јавни набавки;
- за цената на градба која е договорена по метар квадратен во износ од 930 ЕУР нема реални согледувања за пазарната цена која би се постигнала со понуда од повеќе изведувачи;
- не се превземени мерки за враќање на износот исплатен на име правна помош во износ од 1.445 илјади денари, намален за износот на извршените услуги.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија под 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење кај Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Фондот и тоа:
    - Во тек се судски постапки во кои тужител е Фондот за повеќе исплатени средства за пензии, надомест на штета, неплатени закупнини, неплатени станарини за износ од 8.119 илјади денари и една судска постапка со неопределена вредност. Исто така поведени се судски постапки во кои тужен е Фондот, и тоа со вредност од 927 илјади денари и 18 судски постапки за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот;
    - Судски спор со Сојузот на синдикатите на Македонија, за утврдување на правото на сопственост на објект, зграда - кат 1 и 2 кој го користи Фондот, започнат во 1997 година. Во сметководствената евиденција на Фондот објектот е евидентиран како капитално средство-градежен објект со сегашна вредност во износ од 8.839 илјади денари.

      На ден 09.05.2006 година во имотен лист бр.40345 за КО Центар I, како носител на правото на сопственост на недвижноста во јавните книги е запишан Сојузот на синдикатите на Македонија. Спорот пред Основен суд Скопје I Скопје продолжува.
    - По тужбеното барање поднесено од страна на Фондот за поништување на Решението со кое е извршен упис на припојување на УП„Галеб„-Струга кон РИК„Силекс„-Кратово, одбиено како неосновано од Основниот суд во

Куманово, во тек е постапка по жалба на Фондот пред Апелационен суд Скопје.

15. Фондот може да остварува средства од продажба на удели, акции и други хартии од вредност, најмногу во висина од ***40% од вкупниот капитал*** стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Ревизијата изразува сомневање дека продажбата на хартиите од вредност се врши без точно утврдено законско толкување за следните прашања:
    - Дали Фондот може да продава ***40% од првично стекнатиот капитал*** или
    - доколку дојде до промена односно до намалување на капиталот по основ на ликвидација или стечај на дел од фирмите во кои Фондот поседува акции или удели, (како што е и реалната состојба), дали Фондот може да продава ***40% од вака намалениот износ на вкупниот капитал.***

    Со писмо доставено до Законодавно правна комисија при Собрание на Република Македонија, од страна на ревизијата побарано е Автентично толкување на член 172-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во кој е дадено ова право на Фондот.

16. Врз основа на Делбен Биланс на Агенцијата на Република Македонија за приватизација, а согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во текот на 2005 година непродадените акции и удели сопственост на Агенцијата за приватизација на Република Македонија Централниот депозитар за хартии од вреност ги пренел на име на Фондот. За наведените акции Фондот и во текот на 2006 година не располага со целосна и ажурирана евиденција и покрај превземените мерки од страна на Фондот - доставени Барања за дополнителни информации до Министерство за финансии - Сектор за управување со капитал, заради непречено работење со истите и елиминирање на евентуални идни проблеми.

17. Со налог за продажба од страна на Министерството за финансии - Сектор за управување со капитал, Централниот депозитар за хартии од вредност во 2005 година извршил трансакција на 1.416 обични акции што Фондот ги поседувал во Тетовска Банка АД Тетово по основ на основачки влог во банката, спротивно на одредбите од Законот за приватизација на државниот капитал. И покрај доставените ургенции од страна на Фондот до Министерство за финансии, до завршувањето на ревизијата не е добиен одговор од страна на Министерството, ниту е извршено префрлање на средствата остварени со продажбата преку берзантската трансакција.

    Фондот нема превземено мерки до надлежните институции за утврдување на ништавност на продажбата, со што Централниот депозитар за хартии од вредност би извршил измена во Акционерската книга на друштвото или би извршил префрлање на средствата остварени со продажбата преку берзантската трансакција.

    Во сметководствената евиденција на Фондот акциите се евидентирани како долгорочни пласмани со номинална вредност во износ од 4.248 илјади денари.

18. Од досегашната пракса, во случај на стечај или ликвидација над фирми кои имаат заостаната неизмирена обврска за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, истиот останува ненаплатен поради непоседување на имот на фирмите и покрај превземените мерки за доплата од страна на ПИОМ, со што вработените за перидот за кои не е измирена обврската од страна на фирмата, не можат да остварат право на пензија.

19. Состојбата во врска со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, објектите наменети за одмор и рекреација на корисниците на пензија и други објекти кои согласно член 179-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се државна сопственост и со кои управува Фондот, не е променета во текот на 2006 година и во 23 домови и 9 клубови и понатаму управуваат и стопанисуваат здруженијата на пензионери, клубот во Кочани е во владение на општина Кочани, за клубовите во Струга и Крива Паланка не е познат владетелот.

    Со Записник за примопредавање на домови за живеење на корисниците на пензија во Гевгелија, Јавното Претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија домовите за живеење во Гевгелија ги предава на стопанисување и управување на Фондот. Одлуката за бришење на стамбен простор од сметководствена евиденција број 02-1423/1-4 на Управниот Одбор на Јавното Претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија ја донел на ден 08.02.2006 година.

    Поведените судски постапки од минати години за утврдување на правото на сопственост од страна на Здруженијата на пензионерите како тужители против Фондот и Република Македонија како тужени, во текот на 2006 година немаат конечен исход и тоа за домови во општина Кисела Вода Скопје, Гостивар, Делчево и за објектот во Претор.

    Судската постапка за утврдување на правото на сопственост и предавање владение на недвижен имот од страна на Република Македонија против Сојузот на здружението на инвалиди на трудот на РМ – Здружение на инвалиди Битола и Здружението на пензионери – Битола, во кој спор Фондот се јавува како вмешувач, пред Основниот суд Битола е заклучена на ден 21.04.2006 година и се чека Одлука на судот.

20. За дел од капиталните средства на Фондот, во тек е постапка за обезбедување на имотни (поседовни листови), согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, од причини што доставените имотни (поседовни листови) од страна на Државен Завод за геодетски работи не одговараат на фактичката состојба и иститите треба да се изложат на јавен увид заради утврдување на правата на недвижностите согласно законот.

21. Извршена е оценка на системот на интерни контроли и испитување на ефикасноста во следните процеси:
    - Сметководствена евиденција;
    - Пресметка и исплата на плати и надоместоци на плата;
    - Процесот на јавни набавки;
    - Следење на наплата на побарувањата;
    - Мониторинг на наменското користење на средствата;
    - Процес на набавка, испорака и трошење на залихите и
    - Процес на плаќање на пензии во странство.

    Ревизијата констатира пропишни процедури, овластувања и распределба на должности во наведените процеси, имплементирани контролни постапки што обезбедуваат законско и наменско користење на средствата.

    Извршено е испитување на системот на интерни контроли во процесот на донесување на решенија за пензионирање на осигурениците како и снимање на информациониот систем на Фондот. Оценка на ефикасноста и функционирањето на пропишаните контролни механизми ќе биде предмет на наредна ревизија.

22. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2005 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.1.1, 11.1.2, 11.1.4. и 11.2.1, од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, а за констатациите во точките 11.1.3, 11.1.5. и 11.2.2. Фондот не превземал мерки за отстранување на истите.

**Скопје, 12.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 22,120,784 | 20,566,354 |
| Неданочни приходи | 223,750 | 62,628 |
| Трансфери и донации | 9,335,102 | 8,605,279 |
| Продажба на хартии од вредност | 962,603 | 27,647 |
| **Вкупно приходи** | **32,642,239** | **29,261,908** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 207,953 | 199,982 |
| Стоки и услуги | 258,505 | 162,510 |
| Субвенции и трансфери | 6,120 | 10,990 |
| Социјални бенефиции | 30,537,775 | 28,578,115 |
| **Вкупно тековни расходи** | **31,010,353** | **28,951,597** |
| **Капитални расходи** | 196,344 | 77,309 |
| **Вкупно расходи** | **31,206,697** | **29,028,906** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **1,435,542** | **233,002** |

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,435,536 | 233,002 |
| Хартии од вредност | 0 | 51,000 |
| Побарувања | 857,949 | 760,810 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 136 | 1,477 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4,903 | 86,080 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 2,404 | 2,442 |
| Активни временски разграничувања | 3,397,471 | 3,140,253 |
| Залихи | 1,626 | 2,074 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,700,025** | **4,277,138** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 238,774 | 247,606 |
| Природни богатства | 39,127 | 47,094 |
| Други капитални вложувања | 0 | 0 |
| Материјални средства во подготовка | 313,642 | 144,838 |
| Долгорочни пласмани | 9,835,137 | 10,342,089 |
| **Вкупно капитални средства** | **10,426,680** | **10,781,627** |
| **Вкупна актива** | **16,126,705** | **15,058,765** |
| **Вонбилансна евиденција** | **138,693** | **136,590** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 43,853 | 31,165 |
| Краткорочни обврски по резерви | 15,993 | 11,533 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 62 | 353 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 770,331 | 730,810 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 19,078 | 291 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 2,404 | 2,443 |
| Пасивни временски разграничувања | 4,853,003 | 3,497,098 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **5,704,724** | **4,273,693** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 10,421,981 | 10,785,072 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **10,421,981** | **10,785,072** |
| **Вкупна пасива** | **16,126,705** | **15,058,765** |
| **Вонбилансна евиденција** | **138,693** | **136,590** |

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **321,525** | **10,463,547** | **10,785,072** |
| **Зголемување по основ на:** | **314,258** | **311,931** | **626,189** |
| Набавки | 25,255 | 11,095 | **36,350** |
| Вишок по попис | | 2 | |
| Донации | 1,976 | | |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 168,804 | | **168,804** |
| Зголемување на главница | | | **0** |
| Корекции по ревизија 2005 година | 118,223 | | **118,223** |
| Промена на номинална вредност на хартии од вредност | | 300,834 | |
| **Намалување по основ на:** | **(50,566)** | **(938,714)** | **(989,280)** |
| Потрошок | | (11,543) | |
| Ликвидација | | (3,297) | |
| Сомнителни и спорни побарувања | (6,326) | | **(6,326)** |
| Амортизација | (35,916) | | **(35,916)** |
| Кусок по попис | (49) | | **(49)** |
| Расход по попис | (98) | (2) | **(100)** |
| Корекции по ревизија 2005 година | (210) | (119,383) | **(119,593)** |
| Продажба на земјиште | (7,967) | | **(7,967)** |
| Продажба на хартии од вредност | | (803,916) | |
| Ликвидирани фирми | | (573) | |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **585,217** | **9,836,764** | **10,421,981** |